# FOREVER

MACEDONIA

Април 2015 | Број 162



# Форевер ТЕРМ

## Поткрепа на сите фази во топењето на масти

Речиси секој сака да се ослободи од телесните масти и да е повитален. Кога телото има потреба од енергија, тоа презема неколку основни чекори, за да ја обезбеди.

**Прва фаза:** ослободување на масти од депоата.

При потреба од енергија, надбубрежните жлезди ги произведуваат хормоните адреналин и норадреналин (познати уште како епинефрин и норепинефрин), кои го стимулираат ослободувањето на мастите од масните клетки. За синтезата незаменливи се витамините С и В комплексот и затоа ги вклучивме во формулата на Форевер терм. Додадовме и зелен чај и гуарана, за кои исто е докажано дека придонесуваат за производството и ефикасноста на хормоните за топење на масти.

**Втора фаза:** транспорт на мастите до мускулите за претворање во енергија.

Штом мастите ќе бидат ослободени од депоата, тие не само што треба да стигнат до мускулите, туку треба и да навлезат во нив и попрецизно во клеточните митохондрии, кои ќе ги конвертираат во енергија. Наречени клеточни енергетски фабрики, митохондриите ги разградуваат јаглехидратите и мастите до клеточна енергија (позната како АТФ). За да стигнат масните киселини до нив и да бидат претворени во енергија,потребен е ензимот карнитин трансфераза. Организмот ни го синтетизира во самите мускулни клетки, но само ако располага со доволно витамини В3, В6 и најмногу витамин С. Сите се вклучени во составот на Форевер терм, за да сме сигурни дека мускулните клетки ќе можат да произведат карнитин трансфераза.

**Трета фаза:** согорување на мастите за клеточна енергија.

Кога ќе стигнат до митохондриите, масните киселини и јаглехидратите се трансформираат во клеточна енергија (АТФ) преку ензимите на бета-оксидација, циклусот на Кребс и респираторниот синџир. Овие ензими имаат потреба од специфични В витамини како кофактори. Форевер терм ги содржи витамините В6, В1, В3 и В5, за да ги потпомогне овие метаболички патишта и да обезбеди оптимална способност за согорување на мастите во митохондриите.

Форевер терм ви дава максимални резултати, бидејќи се грижи телото да располага со сè што е потребно за исполнување на трите фази од процесот на согорување на мастите. Ова е најдобриот природен додаток во исхраната за подобрување на способноста на телото да согорува масти и е ненадминат како помошник на здравата програма за исхрана и движење.



*Опишаниот производ содржи витамини и минерали, кои придонесуваат за поддршка на општото здравје, бидејќи помагаат за надополнување на дефицитот на хранливи материи во организмот. Тој е додаток во исхраната, не е замена за балансирана исхрана и не е наменет за превенција, дијагностицирање, ублажување или лекување на конкретна болест или класа од болести. Консултирајте се со вашиот лекар, ако страдате од некоја болест.*



# Што има во името?



Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**

Секој од нас има многу титули и улоги во животот – родител, дете, брат, сестра, пријател, а во бизнисот со Форевер – дистрибутер. Називот „дистрибутер“ беше внимателно одбран, кога во 1978 г. ја создававме Форевер и добро ни служи повеќе од 35 години! Никогаш немало момент без да сум бил инспириран од вашите примери. Вие сте лидери во нашата индустрија и јас сум исклучително горд што работиме заедно.

Исто како што сите ние имаме различни улоги во текот на животот, така може да кажеме многу нешта за луѓето кои се приклучиле на бизнисот со Форевер. Вие го изминувате целиот пат и не барате полесен начин. Секогаш сте чесни. Благодарни сте за сè. Имате позитивен став. Имате авантуристички дух. Креативни сте. Вие сте храбри. Вие сте страствени. И се разбира, вие сте претприемачи. Токму затоа вие сте сопственици на Форевер бизнис. Тоа значи дека негативните одговори не ве обесхрабруваат, секогаш наоѓате иновативни патишта и работите напорно за да ги постигнете целите. Како секој претприемач и вие ја преземате целата одговорност за успехот на сопствениот бизнис и знаете дека трудољубивоста и посветеноста се двигателот за неговиот раст.

**Се надевам дека и вие сте толку воодушевени да бидете сопственици на Форевер бизнис, колку што сум и јас. Да бидеш сопственик на Форевер бизнис е неверојатна чест, за каква многумина работат цел живот, но не успеваат да ја постигнат. Секогаш сум кажувал дека да имаш сопствен бизнис не е само егзистенција, туку живот – сам го избираш патот и живееш така, како што заслужуваш.**

Искористете го називот сопственик на Форевер бизнис и гордо носете ја значката! Празнувајте и споделувајте ги успесите со луѓето околу вас. Една од причините зошто Форевер е најдобрата можност на светот, е токму способноста да им помагаме на другите да изгледаат и да се чувствуваат подобро, и да живеат така како што никогаш не сонувале! Вашиот успех ја покажува вашата посветеност да ги инспирирате луѓето околу себе.

Бескрајно ви благодарам за сè што правите и ви честитам за новата титула!

Засекогаш Ваш,



**Rex Maughan**

## Здраво драги СОПСТВЕНИЦИ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС,



Темата за успехот и тајните за неговото постигнување е толку стара и секојдневно дискутирана, колку е можеби и човештвото. Безброј луѓе, истражувања и научни студии се обидувале низ вековите и особено во последните години да стигнат до рецептот на гарантираниот успех. Иако решенијата се многубројни, сите тие имаат нешто заедничко, а тоа е заклучокот дека успешните луѓе не можат да се опишат со помош на општ профил. За да го постигнете тоа што го сакате во животот и тоа да е повеќе од постигнатото од просечниот човек околу вас, не е важно дали сте маж или жена. Нема влијание дали сте млад или возрасен. Немаат големо значење дури ни вашето образование, вештини или природни дарби. Уште помалку потеклото, религијата или бојата на кожата. И до овие заклучоци доаѓаат сите кои се обидувале да направат физички профил на успешните луѓе. Тоа значи дека секој човек може да постигне успех. Но всушност успех не постигнува секој. Зошто? Зошто сите имаме физички претпоставки да бидеме успешни, а толку малку луѓе околу нас навистина ги исполнуваат своите соништа? По што се разликуваат? Кои се тие нешта, по кои се разликуваат тие луѓе од сите други, кои исто така секојдневно сонуваат за промена на животот?

Журналот „Форбс“ се обидува да даде одговор на овие прашања и доаѓа до неколку карактеристики по кои се разликуваат успешните луѓе од перманентните сонувачи и како што ќе видите, тие немаат ништо заедничко со полот, возраста, образованието, боја на кожата, способностите или наједноставно кажано, немаат ништо заедничко со било какви обележја. Ќе се радуваме да ги споделиме со вас тие карактеристики и се надеваме многумина од вас да ги откријат во нив тие нешта кои им недостигаат за успехот, и покрај нивната огромна желба да го постигнат. И да, огромната желба е еден од најважните услови, но само тоа не е доволно, зошто успешните луѓе освен што сакаат, се подготвени и да направат многу нешта. И обрнете внимание, тоа се нешта кои повеќето околу нас не се подготовени или не сакаат да ги прават:

- ✓ **Тие прават повеќе отколку што се бара од нив.** Тие ги гледаат обврските само како почеток на тоа што можат и треба да го прават. Тие дури се склони да се зафатат со досадната работа која никој не сака да ја заврши.
- ✓ **Кага паѓаат, стануваат и не се откажуваат.** Знаат дека успехот не доаѓа лесно и е проследен со редица неуспеси. Успешните луѓе учат од своите грешки и знаат дека тие ќе им помогнат да носат подобри одлуки во иднина. Додека многу луѓе се откажуваат по првиот неуспех, големите лидери тоа не го прават.
- ✓ **Тие знаат дека создаваат своја среќа која се постигнува со многу труд и став за успех.** Нема начин како случајно да станете среќен човек и успешните тоа го знаат. Тие прават најмалку по едно нешто на ден, што ги става во подобра позиција за успех.
- ✓ **Си поставуваат реални цели, кои можат да ги постигнат. Успешните луѓе го планираат денот уште со будењето.** За разлика од нив, неуспешните секогаш се прашуваат што да прават. Лидерите секогаш се фокусирани на конкретни цели, кои се големи, но остварливи и се во согласност со нивните можности. Тие знаат за што се способни и ќе направат сè за да успеат.
- ✓ **Преземаат одговорност за своите постапки и не чекаат другите да им ја завршат работата.** Наместо тоа, се обидуваат да најдат решение на проблемите и прават сè за да ги исполнат задачите. Ако дозволат грешка, тие ја преземаат одговорноста и секогаш бараат начин како да се поправат во иднина. **Никогаш не дозволуваат една грешка два пати.**
- ✓ **Цел живот учат и не се плашат да излезат од зоната на комфорот.** Повеќето луѓе мислат дека со завршувањето на факултетот, учењето завршува. Успешните знаат дека треба да учат цел живот. Тие постојано откриваат нови работи, доживуваат нови искуства, имаат нови активности и не се плашат од малите пречки на патот кон успехот.

Читајќи ги овие работи се надеваме дека ќе се согласите дека апсолутно секој може да има успешен сопствен Форевер бизнис, сфаќајќи дека тоа нема да биде резултат само на желба, туку и на погоре наведените фактори. А дали сакате да бидете различни и успешни, зависи само од вас и од никој друг. Едноставно ДЕЛУВАЈТЕ и правете ги работите кои другите не сакаат да ги прават. И се разбира, не се откажувајте!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

**Стефан и Тања Стаеви**



# ЗОШТО ФОРЕВЕР?

Повеќе од три децении обичните луѓе добиваат невообичаени можности за бизнис со Форевер. Бизнис со реален потенцијал, неограничени доходи и докажани резултати.

Кога размислуваме што сме постигнале во минатото, треба да се запрашаме дали сме среќни, да видиме дали сме донеле правилни одлуки во врска со нашата работа. Ако секој пат кога тоа го правиме сме исполнети со тензија, со чувство дека не сме доволно вреднувани на своето работно место, и не сме соодветно наградени за својот труд, можеби е време да погледнеме кон фантастичната бизнис можност која ја нуди Форевер.

### Ефективно решение кое многу ветува

Форевер е мрежна компанија, која на сите им нуди претприемачки дух, можност да развијат стабилен и успешен бизнис независно од возраста, образованието, квалификацијата или местото на живеење. Форевер ги отвора вратите кон многубројните пазарни можности со високо квалитетните производи за здравје, додатоци во исхраната, контрола на телесната тежина, спорт, нега на кожа, убавина, па дури и производи за нега на животните. Ќе бидете среќни што имате можност да ја споделувате пораката дека здравјето и богатството се нешто реално и многу подостапно, отколку што луѓето сметаат.

Форевер е одличен начин да започнете да заработувате без ризик, и тоа како прво што нема никаков паричен надомест кога се вклучувате. Кон таа предност може да ја додадеме и слободата да располагате со вашето слободно време, да работите со луѓето со кои вие сакате и да бидете соодветно наградени за вашиот труд .

### Економски стабилна инвестиција

Во текот на сите изминати 37 години, продажбите на Форевер се во постојан пораст и компанијата може да се пофали со исклучителна стабилност и постојаност, дури и за време на економските кризни периоди во светот. Со значителни активи и без долгови, Форевер е приватна компанија и член на Асоцијацијата за директни продажби. Работи во повеќе од 158 држави ширум светот, а семејството од нејзини членови надминува над 10 милиони луѓе.

Со Форевер имате можност да изградите независен мрежен бизнис без големи инвестиции или кредити. Почетокот е исклучително лесен-потребен е само пополнет формулар за регистрација и прва порачка на производи. А потоа сè си доаѓа само по себе-ги користите прекрасните производи, се уверувате во нивното дејство и го споделувате личното искуство со сите околу себе.

### Одлични производи, одлични пазарни можности

Квалитетот е клучен и е заштитен знак на производниот процес во Форевер. Од растението до крајниот производ се користат само најетичките и еколошки технологии. Затоа производите зборуваат сами за себе, кога ги користиме.

Убедени во квалитетот на производите, ние од Форевер Ливинг ги нудиме производите со безусловна 30-дневна гаранција за враќање на парите. Сепак компаниите од нашето семејство се лидери во производството, преработката и распространувањето на производи од алое вера во светот.

А пазарниот потенцијал е неограничен. Гамата на Форевер е богата- од додатоци во исхраната, контрола на телесната тежина, спортот, па се до козметиката. Не се ограничуваме во една конкретна гранка, туку сме отворени кон најразлични. Високо квалитетниот и разновиден асортиман им се допаѓа на клиентите и тие стануваат лојални и редовни потрошувачи. Изобилството од производи им дозволува на сопствениците на Форевер бизнис сами да го избираат пазарот во кој најмногу им се допаѓа да работаат-како што се сегментите на здрав начин на живот и контрола на тежината кои се развиваат со огромно темпо.

# Важно за Форевер

### Праведно наградување

Форевер ви дава можност да ги земете во свои раце кариерата и финансиската состојба. А треба да си признаеме дека материјалната стабилност денес е поважна од кога и да е, ако ја земеме во предвид тешката економска ситуација и големата невработеност. Форевер е реална, надежна и стабилна алтернатива.

Кога ќе си изградите тим кој го мултиплицира вашиот труд, можете да си создадете сопствен бизнис кој ќе ви носи пасивни доходи до крајот на животот. А во Форевер напорната работа достојно се вреднува. Маркетинг планот им нуди на сопствениците на Форевер бизнис разновидни програми за стимулирање и можности за дополнителни доходи, премии и бесплатни патувања низ целиот свет. Сè зависи од вас и од времето и трудот кој сте подготвени да го вложите во бизнисот. И се разбира дека можете да сметате на помош и поткрепа од ФЛП.

### Лесен старт

Да започнете бизнис со Форевер е лесно. За разлика од многу други мрежни компании, тука не плаќате за да се регистрирате како сопственик на Форевер бизнис, и немате поставени услови со ситен текст. Еве ги фактите:

- Бесплатна регистрација
- Нема годишни давачки и задолжителни купувања
- Ниска првична инвестиција (2 772,00 ден)
- Достава во рамките на еден или два работни дена-нема потреба од правење на домашен магацин
- Постигнатото ниво не се губи
- Повисоката позиција е награда за вложениот труд, а не се купува
- Добивате приходи од три генерации од мрежата под вас
- Реален неограничен потенцијал за доходи
- Можност да си изградите глобален бизнис
- Програма за кола
- Патувања ширум светот
- Дополнителна програма Chairman's Bonus
- Личен ментор - вашиот спонзор
- Поткрепа од високата класа, вклучувајќи и светски признати професионалци
- Голем број помошни материјали
- Специјализирани обуки.

## Сопствениот бизнис е добро решение

Им честитаме на сите кои веќе се дел од Форевер, а оние на кои им претстои да го откријат потенцијалот на бизнисот со Форевер ги прашуваме- што чекате уште? Сега е вистинскиот момент, ова е вистинската компанија, не ги пропуштајте!

- Финансиска стабилност- значителни активи, без долгови
- Докажана- 37 годишно искуство
- Глобална- во повеќе од 158 држави
- Член на Асоцијацијата за директни продажби
- Неограничен потенцијал за доходи
- Дарежлив Маркетинг план
- Дополнителни Мотивациони програми
- Бонуси и награди
- Разновидни производи со висок квалитет
- 30-дневна безусловна гаранција
- Детални обуки и добра поддршка

**Ниски почетни трошоци**

**Неограничен потенцијал за доходи**

# SUCCESS DAY 28.03.2015































































## Претставување на Форевер во Струмица - 21.03.2015








# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАРТ 2015 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. **Ќосеви Голуба и Костадин – Гевгелија**
2. **Стојковски Мица и Трајче – Велес**
3. **Цветковска Таневска Орхидеја – Велес**

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ангова Гордана – Гевгелија
2. Бегова Костанда – Гевгелија
3. Бобан Славица и Дамир – Скопје
4. Боцевска Ирена – Битола
5. Бошковска Рада – Скопје
6. Василеска Сашка – Гостивар
7. Василевски Зоран – Струмица
8. Вукановска Марија – Куманово
9. Гогушовска Снежана - Скопје
10. Данева Павлина – Штип
11. Дохчева Лепосава – Скопје
12. Думбалоска Рената – Прилеп
13. Ѓуревска Маја – Куманово
14. Здравевски Жарко – Скопје
15. Златков Зоран – Делчево
16. Илиќ Мартин – Скопје
17. Јанева Викторија – Валандово
18. Караколева Соња – Гевгелија
19. Караманова Роберта – Гевгелија
20. Костадинови Ванчо и Валентина – Велес
21. Крстева Весна – Кавадарци
22. Круневски Бобан – Гостивар
23. Лестова Веселинка – Гевгелија
24. Марковска Сања – Скопје
25. Оносимоска Аница – Скопје
26. Панова Тања – Велес
27. Протогерова Славица – Штип
28. Симонов Андреј – Штип
29. Славковиќ Јелица – Скопје
30. Станојкови Цветанка и Горан – Кочани
31. Стојанова Јована – Штип
32. Стојановска-Јордановска Даниела –Велес
33. Темелкова Павлина-Штип
34. Трајковиќ Ѓорѓевиќ Тања – Куманово
35. Филиповска Елена-Скопје
36. Челева Рисанка-Гевгелија

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Славица Донакова
5. Др.Снежана Контра
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Стевица Димовска
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Стевица Димовска
3. Вера Златковска
4. Дончо Ѓорѓиев
5. Славица Донакова
6. Слафко Михајловски
7. Голуба Ќосева
8. Катерина Трајчевска
9. Валентина Крмова
10. Љубица Станчева

# Претставување на Форевер

## 24.04.2015-Битола

Хотел Епинал, почеток-19:30

## 25.04.2015-Охрид

Хотел Милениум Палас, почеток-19:00

Ве очекуваме!

# ПРОМОЦИЈА ЗА АПРИЛ

- сите нови СФБ и СФБ на ниво Ас.Супервизор кои ќе имаат порачки во вредност од најмалку 1 бод на личен код
- сите СФБ на ниво Супервизор, Ас.Менаџер и Менаџер кои ќе имаат порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код
- еднократно добиваат по избор еден од следните производи-BB crème nude, Forever Daily или Vitolize Men.

Количините се ограничени!




**Следете нѐ на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.